OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на член 38 став 1 точка 4 од Статутот на Охридска Банка АД Скопје, Собранието на Охридска Банка АД Скопје, на седницата одржана на 11.5.2017 донесе:

# ОДЛУКА
## за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје, за деловната 2016 година

Член 1

Се усвојува Годишната сметка и Финансиските извештаи на Охридска Банка АД Скопје, за 2016 година и тоа:

1. Биланс на состојба на ден 31.12.2016 година
2. Биланс на успех во периодот од 01.01. до 31.12.2016 година
3. Финансиски извештаи за 2016 година

Член 2

Во Билансот на состојба на ден 31.12.2016 година се искажани следните билансни состојби:

| | | |
|---|---|---|
| - | Актива | 35.820.784.709 ден. |
| - | Пасива | 35.820.784.709 ден. |

Член 3

Во Билансот на успех во периодот од 01.01. до 31.12.2016 утврдени се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Вкупни приходи | 2.077.596.504 | ден. |
| - | Вкупни расходи | 1.589.626.892 | ден. |
| - | Бруто добивка | 487.969.612 | ден. |

Член 4

Остварената бруто добивка од 487.969.612 денари се распоредува и тоа:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Данок на добивка | 52.966.161 | ден. |
| - | Нето добивка | 435.003.451 | ден. |

Член 5

Образложението е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**СО Бр. 0201-26237/7-1**
**11.5.2017**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје**
**претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансиските извештаи
на Охридска Банка АД Скопје, за деловната 2016 година

Обврска за изготвување на Годишната сметка на Банката за 2016 година, произлегува од одредбите од член 469, 476, 477 и 482 од Законот за трговски друштва, член 102 од Законот за Банки и Правилникот за форма и содржина на годишната сметка за банки и други финансиски институции (Сл.Весник на РМ, бр.84/14). Годишната сметка опфаќа изготвување на:

- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Образец ДЕ- Посебни податоци за системот на државната евиденција
- СПД Рекапитулар- структура на приходи по дејности
- Годишен извештај за работењето
- Даночен биланс

Истовремено со наведените законски одредби пропишана е и обврска изготвување на Финанасиски извештаи согласно МСФИ/МСЕ кој покрај Билансот на состојба и Билансот на успех опфаќа изготвуање и на:

- Извештај за промените во капиталот
- Извештај за паричните текови
- Применети сметководствени политики
- Други извештаи/прегледи и објаснувачки белешки од значење за работењето на Банката

Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2016 година се изготвени врз основа на деловните книги, Правилникот за водење сметководство, Одлука за методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи и Правилникот за формата и содржината на на годишната сметка за банки и други финасиски институции.

Рокот за изготвување и доставување на годишната сметка согласно Законот за трговски друштва е крајот на февруари 2017 година односно 15 март. Согласно ЗТД и Правилникот за начинот на поднесување на годишната сметка во електронска форма (Сл.весник бр.7/13) поднесувањето е задолжително во електронска форма, потпишана со електронски потпис на сметководителот, односно овластениот сметководител кој ја составил завршната сметка или на законскиот застапник на Банката. Останува обврската на Банката согласно член 476 од Законот годишната сметка и финанските извештаи да бидат потпишани од претседателот на управниот одбор односно управителот.

## 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Вкупната актива и пасива на Охридска банка АД Скопје на ден 31.12.2016 година изнесува 35.820.784.709 денари.

Според учеството на пооделните категирии кои ја формираат вкупната актива состојбите се следни:

| Актива | Износ во МКД | % |
|---|---|---|
| Парични средства и парични еквиваленти | 5,945,867,640 | 16.60% |
| Вложувања во должнички хартии од вредност | 4,379,840,072 | 12.23% |
| Кредити на и побарувања од банки | 449,666,613 | 1.26% |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 24,123,135,778 | 67.34% |
| Вложувања во сопственички инструменти | 28,062,391 | 0.08% |
| Материјални и нематеријални средства | 820,887,380 | 2.29% |
| Останати средства/побарувања | 73,324,835 | 0.20% |
| **Вкупна актива** | **35,820,784,709** | **100.00%** |

Структурно учеството на поединечните категории од вкупната пасива е следна:

| Пасива | Износ во МКД | % во 2016 |
|---|---|---|
| Обврски кон банки | 4,833,800,007 | 13.49% |
| Обврски кон други комитенти | 26,734,374,600 | 74.63% |
| Останати обврски | 180,197,978 | 0.50% |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | 115,660,835 | 0.32% |
| Резервирања за ризици и обврски | 66,706,795 | 0.19% |
| Субординирани обврски | 870,488,549 | 2.43% |
| Капитал и резерви | 2,584,552,494 | 7.22% |
| Добивка за финансиската година | 435,003,451 | 1.21% |
| **Вкупно пасива** | **35,820,784,709** | **100.00%** |

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХ

Вкупните приходи во Билансот на успех на Банката за периодот 01.01. до 31.12.2016 година утврдени по принципот на пресметана основа остварени на ниво од 2.077.596.504 денари како резултат на квантитативните и квалитативните динамики и структурни промени по одделни категории кои го формираат Билансот на состојба.

Вкупните приходи во Банката согласно сметководствените прописи се формираат од редовните активности и учеството на пооделните категории приходи во структурата на вкупните приходи е следна:

| Приходи | Износ во МКД | % |
|---|---|---|
| Приходи од камата | 1,543,344,285 | 74.29% |
| Приходи од провизии и надомести | 413,337,803 | 19.89% |
| Нето добивка од курсни разлики | 113,103,137 | 5.44% |
| Останати приходи од дејноста | 7,811,279 | 0.38% |
| **Вкупно** | **2,077,596,504** | **100.00%** |

Во деловната 2016 остварени се вкупни расходи во износ од 1.589.626.892 денари. Нив ги сочинуваат пресметаните трошоци и други расходи кои согласно постојниот сметковен план и билансните шеми за банките групирани во следните групи:

| Расходи | Износ во МКД | % |
|---|---|---|
| Расходи од камата | 388,182,764 | 24.42% |
| Расходи за провизии и надомести | 143,119,853 | 9.00% |
| Трошоци за вработените | 295,217,860 | 18.57% |
| Амортизација на средства | 78,967,058 | 4.97% |
| Исправка на вредност, посебна резерва и резервирањата | 344,622,347 | 21.68% |
| Останати расходи од дејноста | 339,517,010 | 21.36% |
| **Вкупно** | **1,589,626,892** | **100.00%** |

Во износот на трошоците за вработените вкалкулиран е износ од 35.125.659 денари за исплати на вработените и членовите на органите на управување по основ на работна и деловна успешност кои согласно МСС 19 точка 21 претставуваат трошок на периодот и истите не ја оптоваруваат добивката за распределба.

## 3. ФОРМИРАЊЕ НА ДОБИВКАТА

Банката за деловната 2016 утврдувањето и распоредувањето на добивката од работењето го изврши согласно одредбиете од Законот за трговски друштва, МСФИ и МСС, при тоа почитувајќи ги правилата за составување на билансните шеми односно Билансот на успех.

Во 2016 Банката оствари бруто добивка во износ од 487.969.612 денари. Даночната основа за пресметување на данокот на добивка изнесува 529.661.608 денари која се состои од износот на остварената бруто добивка зголемена за износот на непризнати раходи и намалена за износот на примени дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник, согласно даночните прописи се оданочува до данок на добивка од 10%.

Пресметаниот данок на добивка за тековната 2016 година изнесува 52.966.161 денари.

Нето добивката - добивка по оданочување како разлика помеѓу Бруто добивката и пресметаниот данок на добивка изнесува 435.003.451 денари и нејзиното распоредување се врши согласно со актите на Банката.

Имајќи го во вид изнесеното, се предлага да се прифати Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2016 година во текст како што е предложена.